ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Во Делчево ќе се гради нова детска градинка
- Ехо на дојка секоја среда во Здравствениот дом во Делчево
- Продолжува обичајот под маски во с. Ѕвегор
- Јована е првороденото новороденче во Делчево за 2022 год. Таа доби 10.000 денари од Општина Делчево


ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 21 ЈАНУАРИ 2022


## Во Делчево ќе се гради нова детска градинка



### Ехо на дојка секоја среда во Здравствениот дом во Делчево



### Продолжува обичајот под маски во с. Ѕвегор



### Јована е првороденото новороденче во Делчево за 2022 год.Таа доби 10.000 денари од Општина Делчево



ДЕЛЧЕВО


Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Советот на Општина Делчево ја одржа редовната Петта седница

Совет на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево ја одржа 5-та редовна Седница на која се расправаше по 24 точки од предложениот Дневен ред, откако на почетокот на Седницата, на барање на советничката група од СДСМ и Коалицијата, две точки предложени од ЈКП „Брегалница" беа симнати од Дневниот ред со образложение дека за предвидените одлуки немало комисиска расправа, а со цел транспарентно да се изнесат потребните факти за носење на двете одлуки кои се однесуваат за воведување надоместок за одржување паркови и јавно зеленило, како и одлуката за давање согласност за управување и одржување на градските гробишта, на носењето на одлуките ќе претходи расправа на соодветната Комисија. Предлогот беше прифатен и од Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата и едногласно беше усвоен предлогот- точките да се тргнат од Дневниот ред.

На Седницата, советниците го усвоија Третиот квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Делчево. Согласно со Извештајот, капиталните расходи во Основниот Буџет на Општина Делчево изнесуваат 87,20% од планираните. Односно, од вкупно планирани капитални расходи за 2021 г. во износ од 52.619.456 ден, се реализирани 45.885.859 ден., додека од вкупно планираните приходи реализирани се 290.009.206 ден или 92%, додека од вкупно планираните расходи во 2021 г. се реализирани 286.106.864 ден или 90,76%.

Советот на Општина Делчево донесе Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Делчево за 2022 година во износ од 1.500.000 денари, а ги усвоија и: Извештајот за реализација на Годишната програма за одбележување настани и културни манифестации за 2021г, како и Годишната Програма за 2022 г; Извештајот за реализација на Годишната програма за комуникација со јавноста и промоција на Општина Делчево и Годишната програма за 2022 г; Програмата за превенција и заштита на Општина Делчево за 2022 г; Извештајот за реализација на Годишната Програма за работа на Советот на млади и Годишната програма за работа на Советот на млади за 2022 г; програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2022 г; Одлука за утврдување зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на Општина Делчево;Програма зауредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2022 година;Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2022 година; Мнозинството советници ја усвоија и Програмата за работа на ЈКП „Брегалница".

Инаку, на почетокот на Седницата, беше верификуван мандатот на советничката Ели Ризова- Ангеловскаод Делчево, кандидат од листата на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата ЗА ПОДОБРА МАКЕДОНИЈА која од денеска е нов советник во Советот на Општина Делчево. Верификацијата на мандатот на новиот советник следуваше по оставката од советникот Кристи Стојчевски.

Актуелности

# Во Делчево ќе се гради нова детска градинка



Со средства од Програмата за изградба, опремување и одржување објекти за детска заштита за 2022 г. од Буџетот на Република Северна Македонија преку МТСП, во Делчево ќе се гради нова детска градинка. Локацијата на новата детска градинка е во населбата Расадник, а градинката ќе биде со капацитет за 150 дечиња со што трајно се решава проблемот со листата на дечиња од Делчево кои чекаат да бидат прифатени во детската градинка. Како што истакна градоначалникот Трајковски, овој проект значи инвестиција во раниот детски развој, прифаќање на сите дечиња во претшколско образование и нивна подготовка за училишните клупи.

-Изминатиов период посветено работевме за да оствариме уште едно ветување пред граѓаните и да изградиме уште еден капитален проект кој ќе биде украс на градот и кој ќе сведочи за нашата работа и мотивираност да го направиме нашето Делчево убаво место за живеење и да одговориме на потребите на сите категории граѓани.Со изградбата на новата детска градинка инвестираме во раниот детски развој и создаваме современи услови за згрижување и воспитување дечиња. Во оваа прилика, изразувам посебна благодарност на МТСП и до Владата што излегоа пресрет на потребите на дечињата во Делчево, рече Трајковски.

Вкупната вредност на проектот е околу 48 милиони денари и претставува вкупна цена за изведување градежни работи за изградба на детската градинка и набавка и монтажа на потребна опрема за градинката.





# Се преземаат мерки за заштита од ширењето на болеста африканска чума

Актуелности



Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство Николче Бабовски имаше работна посета на Општина Делчево при што заедно со градоначалникот Горан Трајковски направија увид и контрола врз досега преземените мерки за спречување на појавата и ширењето на Африканска свинска чума и ги дефинираа идните активности во кои активно се вклучени Локалната самоуправа и ЈКП „Брегалница“.

По првичното констатирање на вирусот кај единки во одгледувалиште во делчевското село Драмче, како што истакна Бабовски, спроведена е акција за депопулација на домашните свињи во радиус од три километри од првичното жариште, за што сопствениците ќе добијат финансиско обештетување.

-Во заштитената зона од 3 километри треба да се уништат сите животни кои се тука затекнати, за што сопствениците ќе добијат одредена финансиска надокнада.Тоа нема да биде на нивна штета и нема да има финансиски негативен ефект врз држателите на овие животни.Во останатата надзорна зона која се протега во радиус од 10 километри исто така ќе се изврши депопулација. Кај оние свињи кај кои ќе се дијагностицира дека се во добра здравствена состојба ќе одат на економско искористување во кланиците. Граѓаните ќе добијат финансиско обештетување за уништените животни, нагласи Бабовски.

Мерки кои Агенцијата за храна и ветеринарство ги презеде овие денови преку активирање на Националниот центар за контрола на болести заедно со сите институции и Локалната самоуправа имаат за цел државата што побрзо да си го поврати статусот на земја слободна од Африканска свинска чума.

Како што додаде градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, Општината се мобилизираше ие во координација со Агенцијата за храна и ветеринарство.

-Иако ова жариште за жал е на територија на нашата општина, да придонесеме сите да не се рашири ова жариште на територијата на други општини и цела држава, каде би имале многу поголеми финансиски импликации и како држава и како луѓе. Ние како Локална самоуправа ќе работиме на подигање на свеста на сите оние иматели на свински грла за да ја сфатат оваа поента, а од друга страна и како инстутуција и како локална самоуправа, Јавно комунално претпријатие, МВР и сите останати ги преземаме сите активности во координација со АХВ, во што побрз временски рок, биде ставена под контрола болеста африканска чума кај свињите, рече Трајковски

Актуелности

## Интензивно се чистеше снегот во Делчево



Врнежите од снег кои овој месец беа поинтензивни, ги мобилизираше екипите на ЈКП „Брегалница“ и економскиот оператот „Дикор цд“ од Струмица, задолжен за зимско одржување на општинските патишта и улици на подрачјето на Општина Делчево.

Со механизација и рачно екипи на ЈКП „Брегалница“ од работеа на терен на расчистување на снегот од јавните површини, пристапни патеки, коловози и тротоари на градските улици. Во функција беа ставени 2 градежни машини, фреза за чистење снег од тротоарите, а се нанесува и сол и ризла со цел безбедно движење по улиците, но и редовно одвивање на работите на Претпријатието.

Од ЈКП „Брегалница“ информираат дека се обезбедени доволно количини ризла и сол, а претпријатието има спроведено и јавна набавка и склучено договор со локална фирма од каде, согласно со потребите, сукцесивно ќе се набавуваат дополнителните количини на ризла и сол.

Инаку, патиштата и улиците се чистат согласно со приоритетната листа, а во Планот е предвидено зимското одржување на патишта со асфалтен коловоз да опфаќа патишта во должина од 80,5 км, општински патишта со макадам коловоз 42 км и улици со асфалтен коловоз во должина од 38,5 км.

## Објавен анктетен прашалник со кој се мери квалитетот на услугите на Општина

**Анкетен прашалник**

Општина Делчево на својата веб –страница delcevo.gov.mk, објави анкетен прашалник со цел да го измери задоволството на граѓаните од квалитетот на услугите на општинската администрација. Анкетата можете да ја потполните на следниот ЛИНК, а резултатите од неа ќе бидат искористени за да се направи анализа и да се интервенира во насока на подобрување на работата на одделенијата и секторите во Општина Делчево и да се подобри квалитетот на услугите што ги дава Општина Делчево.

Актуелности

# Општина Делчево се вклучи во акцијата за чистење од отпад на Калиманското езеро



Седум тони пластичен отпад е собран од дводневната акција за чистење на Калиманско Езеро од отпад, акумулиран на брегот и во самото езеро, а организирана од Александар Дончевски, жител на Делчево. Во акцијата активно се вклучија претставници од Општина Делчево и ЈКП „Брегалница“, како и еколошки и спортско-риболовните здруженија од Македонска Каменица и Делчево, локалните самоуправи, претставници од бизнис- секторот, како и граѓани волонтери.

Причина за акцијата е заканата од еколошка катастрофа на водното огледало на вештачката акумулација Калиманци, а најголемото загадување, според организаторот, Александар Дончевски, доаѓа од дивите депонии и затоа тој апелираше да се поработи повеќе на подигање на свеста кај граѓаните, со цел ваквата слика да не се повторува.

Игор Жежовски од Општина Делчево апелираше до граѓаните кои гравитираат по должината на реката Брегалница која поминува низ три општини, да ја почитуваат животната средина и да ги сменат навиките, бидејќи пловечкиот отпад има катастрофални последици по флората и фауната.

Организаторот најави редовни акции за чистење на Езерото и вклучување на млади волонтери во акцијата.





# Ехо на дојка секоја среда во Здравствениот дом во Делчево



Секоја среда во Здравствениот дом во Делчево ќе се вршат прегледи - ехо на дојка. Оваа нова здравствена услуга за делчевските пациентки стартува од 2 февруари и пациентките ќе можат преку своите матични доктори да закажат прегледи преку Мој термин кај д-р Андријана Илиевска-Велковски.

Воведувањето на оваа нова здравствена услуга е резултат на прифатената иницијатива за воведување превентивни прегледи на дојка доставена до Здравствениот дом во Делчево од страна на Комисијата за еднакви можности при Општина Делчево. Со поддршкаи огромно залагање на пратеничката д-р Соња Михаиловска, директорката на Здравствениот дом, д-р Марија Глигоровска, како и на д-р Андријана Илиевска-Велковски, прегледот ехо на дојка влезе во системот на услуги во Здравствениот дом.

Координаторката на еднакви можности во Општина Делчево, Сузана Петровска потенцираше дека раното откривање на малигни промени на дојката е најважно во борбата со канцерот на дојка, што е често заболување во нашата средина.

За оваа 2022 г, воведувањето ехо прегледи на дојка беше наша прва иницијатива и резултат на долгогодишната потреба на жените од Делчево, бидејќи пациентките за прегледи на дојка често одеа по центрите во Штип, Скопје, се чекаше и подолго време за термини, или тие плаќаа во приватни ординации. Но, знаеме и дека многу од жените се откажуваа од вакви пргледи, дали поради работните обврски, отсуствата од работа, патните трошоци, фактори кои го ставаат во ризик здравјето на жената. Сега, кога Здравствениот дом има едуциран кадар, се создадоа можности за воведување на ваква превентивна услуга и во таа смисла во име на КЕМ изразувам јавна благодарност до сите кои овозможија жените од Делчево во јавното здравство да добиваат услуга која може да им го спаси животот, рече Петровска.

Актуелности

Актуелности

# Продолжува обичајот под маски во с. Ѕвегор



Ѕвегорските суроваскари го продолжија живото културно наследство во Пијанец поврзано со Василица, локалниот обичај под маски Сурова. Главните актери во театарот на отворено на самиот ден Василица го бркаа лошото од Пијанец благословувајќи ги домаќините со сурова-млада и здрава нова година зачувувајќи ја автентичната традиција на весела свадбена поворка.

На оваа Василица, седумдесетина маски, меѓу кои задолжителните ликови на невестата и младоженецот, белаците, бабите, мечкарите во Ѕвегор не одминаа ниту една куќа и задолжително ја играа улогата на ликот кој го претставуваат. Така, еротските игри асоцираат на плодноста, старите баби и мечкарите им помагаат на болните, а се црнат присутните и гостите за здравје. Белаците се војска кои со дрвени сабји и пушки ја чуваат невестата предвреме откриена.

Суроваскарите ќе го завршат танцот во селото доцна попладнево и на трпеза подготвена од кумовите на годинешната свадбаќе се открие несветата и ќе паднат сите маски од годинешната сурова. Етнолозите овој обичај под маски во селото Ѕвегор го нарекуваат и Пијанечко Вевчани, поради уникатноста и вековноста на обичајот.

Организацијата на настанот е на кумовите на годинешната „Сурова“, Ване Гошевски и Горан Велков со поддршка од Општина Делчево.







# Првороденото новороденче во Делчево, Јована, го доби традиционалниот подарок од Општина Делчево

Актуелности



Првороденото новороденче во 2022 г. во Општина Делчево е малата Јована Димитровска која на денот на нејзиниот именден, го доби традиционалниот подарок од Општина Делчево, еднократен паричен износ од 10.000 ден. Јована е родена на 4 јануари на скопските клиники, тешка е 3.500 гр. и долга 50 см и е второ дете во семејството на Дејан и Катерина Димитровски.

Традиционално и оваа година, градоначалникот Горан Трајковски го предаде подарокот на родителите.

– Ми претставува посебно задоволство што денеска на овој убав празник, кога се слави св. Јован Крстител, го посетивме домот на првото новородено во Делчево за 2022 г кое го носи името Јована. Воедно, на малата Јована ѝ го честитавме именденот, но испраќаме и желби, да има среќно и безгрижно детство и да донесе многу радост и гордост на семејството, но и на општината. Делчево се радува на секое новороденче, бидејќи добива нов жител. Првороденото во годината е предвесник на новата генерација дечиња кои се нашата иднина. Ја користам оваа прилика да им ја честитам радоста на родителите и да има посакам многу љубов и многу дечиња да им го развеселуваат домот, истакна Трајковски.

Општина Делчево дарува 10.000 денари на првороденото новороденче во годината чии родители живеат во Делчево, а согласно со информацијата од матичните гинеколози од Здравствениот дом и Службата за превенција и имунизација. Исто така, како една од социјалните мерки која значи поддршка на родителите кои добиле новороденче,Општина Делчево исплаќа по 3 илјади денари еднократна парична помош. Минатата година по оваа основа се исплатени 262.999 денари за 85 новороденчиња во Општината.

Актуелности

# Се осветија водите на река Брегалница



Васил Панчовски беше најсреќен и највешт и успеа од дваесетината момчиња кои се фрлија во студените води на река Брегалница, да го фати светиот крст при церемонијата за осветување на реката Брегалница. Инаку на Васил ова му е десетто фрлање по светиот крст од кои три пати успева да го фати светиот крст.
Традиционално, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски на среќниот фаќач на светиот крст му доделува парична награда во износ од 10.000 денари.
–Овој ден носи благородна порака на прочистување, оптимизам, надеж и верба во доброто, совршеното, чистото. Со симболичниот чин на фрлање на светиот крст, ние се потсетуваме на денот кога се крштеваше Исус Христос во реката Јордан, а чинот на осветување на водите на реката Брегалница е голем по значење, а уште поголема е традицијата која нѐ обединува во вербата и во желбите за бериќет и благосостојба. Упатувам честитки на нашиот сограѓанин кој успеа да го фати светиот крст од студените води на Брегалница и му посакувам да го следи среќа и него и неговото семејство, а да донесе среќа и бериќет на целиот наш град.Нека е за многу години, рече Трајковски.
Среќниот фаќач на крстот традиционално доби подарок и од компанијата „Зегин“.Оваа година компанијата подари машина за перење алишта, а од црквата икона со ликот на Пресвета Богородица. Младиот Панчовски и оваа година ја продолжува хуманата мисијата. Тој, наградата-машина за перење алишта, ја донира на семејство кое живее во социјален ризик во Делчево.






# Се санираат оштетените сообраќајни знаци во Делчево

Актуелности



Стручните надлежни служби на Општина Делчево со поддршка на екипи од ЈКП „Брегалница“, ја започнаа акцијата за санирање на оштетената вертикална сигнализација поставена на територијата на градот Делчево во рамки на редовното одржување.

Од увидот на теренот извршен претходниот период беше утврдено оштетување на поголем дел од вертикалната сигнализација, каде на дел од сообраќајните знаци се отстранети спојниците и тие се искривени, дел се откорнати, а дел се излепени со огласи, реклами или исцртани со текст и боја и слично.

Во таа смисла, Општина Делчево апелира до граѓаните да не се уништува и отстранува вертикалната сообраќајната сигнализација бидејќи на тој начин директно се влијае на создавање на потенцијално опасна ситуација во сообраќајот која би можела да резултира со сообраќајна незгода и одредени последици односно се загрозува сообраќајната безбедност.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Култура

# Делчевци даруваат уникатни наслови на делчевската библиотека



Уникатни изданија на стари ретки наслови, но и добро сочувани лектири се донираат од граѓани на ЈЛБ „Илинден“. Граѓаните воведоа нова практика и книгите кои не им се потребни или немаат услови соодветно да ги чуваат, ги даруваат на делчевската јавна библиотека со што библиотеката добива ново богатство со наслови. Како што истакна директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска, на подарок се добиени историски книги, стари изданија кои не можат да се најдат денес, но и лектирни изданија во многу добра состојба.

-Наш сограѓанин ни ги подари 7-те тома од популарната „Гричка вјештица“ од Марија Јуриќ Загорка издание на хрватски јазик од 1985 г која библиотеката ја немаше. Овие наслови се бараат многу и многу ни е мило што дојдовме до нив.Во оваа прилика јавно се заблагодарувам на Лилјана Котевска, Лимонка Арсовска, Александар и Сара Лазаревски и Славица Стојчевска кои дадоа дел од своето богатство книги на библиотеката и сега тие се достапни за секој еден љубител на пишаниот збор. Воедно, апелираме до сите граѓани,доколку имаат дома книги што не ги користат или им зафаќаат простор,слободно да ги донесат во библиотеката,да не ги фрлаат, затоа што во библиотеката сигурно секоја книга ќе си најде свој читател, рече Петровска.

# Дела од Лесновската ликовна колонија во Делчево



Делчевските љубители на сликарството деновиве имаа можност да уживаат во делата од 29-та Лесновска ликовна колонија. Делата се творени на акрил на платно, масло на платно и спреј на платно од 15 уметнициво рамките на Лесновската колонијакоја се одржуваше од 28.06. 21 до 03.07.21 година. Изложбата е отворена во фоајето од Спомен-домот АСНОМ, а е резултат на соработката на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и Домот на културата во Пробиштип „Злетовски рудар“ и е во рамките на годишната порграма за работа.

# Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**